**ЗАПИСНИК**
**од педесет и деветтата седница на Совет на Општина Гевгелија**
**одржана на 15.03.2021 година**

На педесет и деветтата седница на Советот на општината која се одржа со почеток во 11 часот присуствуваа 18 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа:**

**Мирјана Гелебешова вработена во општината,Офелија Проданова инспектор за сообраќај,Ана Петровска директор на Државен инспекторат за животна средина и Сашо Поцков Градоначалник на Општина Гевгелија.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет, Тодор Ристов ја отвори педесет и деветтата седница на Совет на Општина Гевгелија.

Претседателот отвори расправа по записникот од педесет и осмата седница .

Бидејќи немаше забелешки претседателот го стави на гласање записникот од педесет и осмата седница и **Советот едногласно го усвои.**

За работа на педесет и деветтата седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Информација за активности во врска со пробното производство на инсталацијата за складирање и третман на отпад (пластика) на компанијата Г&О ВАСТЕ СОЛУТИОН ДООЕЛ Скопје, во подружница на улица „Индустриска“ во Гевгелија,

2.Информација во врска со барањето на советниците од Независната листа за поставување и отстранување на хоризонтална и вертикална сигнализација на локалните и регионалните патишта во општина Гевгелија.

**Тодор Ристов Претседател на Совет** отвори претрес по предложениот дневен ред .

Бидејќи никој не се јави за збор претседателот го стави Дневниот ред на гласање и **Советот едногласно го усвои** и се премина кон расправа по точките.

**Точка 1. Информација за активности во врска со пробното производство на инсталацијата за складирање и третман на отпад (пластика) на компанијата Г&О ВАСТЕ СОЛУТИОН ДООЕЛ Скопје, во подружница на улица „Индустриска“ во Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Информацијата за активности во врска со пробното производство на инсталацијата за складирање и третман на отпад (пластика) на компанијата Г&О ВАСТЕ СОЛУТИОН ДООЕЛ Скопје, во подружница на улица „Индустриска“ во Гевгелија

Во претресот по точката учествуваа: **Ристо Камов,Магдалена Делковска,Томе Кичуков,Анета Стамкова,Перо Стојанов,Лазар Мешков, Тодор Ристов членови на Совет, Ана Петровска директор на Државен инспекторат за животна средина,Сашо Поцков Градоначалник на Општина Гевгелија.**

Претседателот на Советот од севкупната расправа ги дефинираше донесените заклучоци и тоа:

1.Министерството за животна средина и просторно планирање да ја поништи издадената Дозвола за складирање и третман на отпад на Компанија G&O Waste Solution ДООЕЛ Скопје, во подружницата на улица „Индустриска“ во Гевгелија.

2. Притоа, да се утврди дали инвеститорот постапил согласно чл. 32 од Законот за управување со отпадот, според кој бил должен да добие потврда од Општина Гевгелија дека локацијата на која планира да ја врши дејноста складирање, третман и/или преработка на отпад се наоѓа надвор од населено места, односно дека истата е предвидена согласно со планската и урбанистичката документација на општината како локација за наведената дејност.

Имено, според Имотниот лист број 1997, наведениот погон на улица „Индустриска“ во Гевгелија, каде што е сместена инсталацијата на G&O Waste Solution ДООЕЛ Скопје, се уште се води под закуп на ДПИТ„П и П Индустрис“ ДОО Скопје.

3. Дали од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање бил извршен увид на самото место за инсталирање на инсталацијата, заради утврдување на исполнетоста на условите за добивање на дозволата.

Притоа, дали била водена сметка дека во непосредна близина на инсталацијата за складирање и третман на отпад на G&O Waste Solution ДООЕЛ Скопје, во подружницата на улицата „Индустриска“ во Гевгелија, се наоѓаат прехранбени производни погони (пекара, винарија, ран зеленчук, погон за тестенини).

4. Бидејќи од Општина Гевгелија не била побарана од страна на инвеститорот, а ниту издадена никаква Потврда, согласно член 32, алинеја 2 од Законот за управување со отпад, дека „правните лица за да можат да ја вршат дејноста складирање, третман и/или преработка на отпад мора да ги исполнуваат минимално-техничките услови во поглед на локацијата, потребната инсталација и опрема за складирање, третман и/или преработка на отпад и негово идентификување, како и системот за следење и видеонадзор на отпадот“, како и дека, “локацијата на која ќе се врши дејноста складирање, третман и/или

преработка на отпад да се наоѓа надвор од населени места, односно истата да е предвидена соглано со планската и урбанистичката документација на општините", бараме Државниот инспекторат за животна средина и Државниот управен инспекторат да извршат инспекциски надзор на целата постапка и работењето на инсталацијата на G&O Waste Solution ДООЕЛ Скопје, во подружницата во Гевгелија.

5. Имајќи предвид дека во Планот за управување со отпад во Општина Гевгелија 2017-2022 година не е предвидено отворање на инсталации за складирање и третман на отпад на други локации, освен во Времената депонија, како и можноста во истиот погон да се третира отпад од други општини, Општинскиот инспектор за животна средина и Државниот инспекторат за животна средина, да извршат контрола на потеклото на пластичниот отпад, кој се третира во подружницата на G&O Waste Solution ДООЕЛ Скопје, во подружницата во Гевгелија и да преземат соодветни мерки.

6. Да се поднесе барање, до Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија за автентично толкување на Законот за управување со отпад, член 32, став 1 и 2, алинеја 2, и неговата примена при издавањето на Дозвола за складирање и тертман на отпад на компанијата G&O Waste Solution ДООЕЛ Скопје, во подружницата во Гевгелија.

7. Општина Гевгелија ги подржува сите инвестициони вложувања на своето подрачје, вклучувајќи ја и лесната и незагадувачка индустрија, но, не во градежниот опфат на населеното место, туку на друга соодветни локации.

**Анета Стамкова член на Совет** даде предлог во заклучокот под реден број еден зборот преиспита да се замени зо зборот поништи и заклучокот да гласи: Министерството за животна средина и просторно планирање да ја поништи издадената Дозвола за складирање и третман на отпад на Компанија G&O Waste Solution ДООЕЛ Скопје, во подружницата на улица „Индустриска" во Гевгелија.

**Ристо Камов член на Совет** даде предлог заклучокот под реден број 4 освен до Државниот инспекторат за животна средина да се испрати и до Управниот инспекторат.

**Сашо Поцков Градоначалник на Општина Гевгелија** предложи овие заклучоци да се надополнат со уште еден заклучок и тоа: Советот на Општина Гевгелија, согласно Планот за управување со отпад во Општина Гевгелија 2017-2022 година и Законот за управување со отпад донесе Негативно мислење за потребата од издавање потврда од страна на Општина Гевгелија на компанијата G&O Waste Solution ДООЕЛ Скопје за складирање и третман на отпад во Гевгелија, имајќи ги предвид веќе донсените стратешки документи и заложби на Општината за заштита на животната средина. Посебно, што Секторот за урбанизам и заштита на животната средина при Општина Гевгелија има издадено единствено Уверение за катастарската парцела (бр.11-736/2 од 15.09.2020), што никако не значи и Потврда, односно согласност за вршење третман и складирање на отпад на наведената локација.

По утврдување на заклучоците претседателот ги стави на гласање предложените заклучоци и **Советот едногласно ги усвои.**

**Точка 2. Информација во врска со барањето на советниците од Независната листа за поставување и отстранување на хоризонтална и вертикална сигнализација на локалните и регионалните патишта во општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Информацијата во врска со барањето на советниците од Независната листа за поставување и отстранување на хоризонтална и вертикална сигнализација на локалните и регионалните патишта во општина Гевгелија.

Во претресот по точката учествуваа: **Мирјана Гелебешова вработена во општината,Офелија Проданова инспектор за сообраќај,Ристо Ѓоргиев,Зоран Лазаровски, Ристо Камов и Трајко Арџанлиев членови на Совет .**

**Ристо Ѓоргиев даде предлог** Петицијата поднесена од локалните стопанственици до Државниот инспекторат за транспорт и врски и други релевантни институции поднесена во 2019 година повторно со истата содржина да биде препратена до државните органи кои се надлежни за решавање на овој проблем.

**Зоран Лазаровски член на Совет** даде предлог од име на советничката група на ВМРО –ДПМНЕ , претставникот на Државниот инспекторат за транспорт и врски до надлежните институции да го укаже како проблем алтернативниот патен правец од населено место Прдејци до населено место Смоквица и да биде ставен на приоритетната листа за изградба и реконструкција на патишта во државата.

**Ристо Камов член на Совет** даде предлог на алтернативниот патен правец од населено место Прдејци до населено место Смоквица наместо постоечкиот знак од пет тона да се замени со знак за забрана на минување на возила кои вршат интернационален транспорт.

По утврдување на заклучоците претседателот ги стави на гласање предложените заклучоци и **Советот едногласно ги усвои.**

Бидејки дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори педесет и деветтата седница на Советот на Општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на Општина Гевгелија**
**Тодор Ристов**

ПРИЛОГ КОН ЗАПИСНИК ЗА ТОЧКА 1 од 59та СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ од 15.03.2021

1.НЕМА ЈАВНОСТ ВО ПОСТАПКАТА

- Започната постапка од Јуни 2020 година, а јавноста е делумно информирана во Февруар 2021

- Наместо со **Студија за оценка на влијанието врз животната средина**, дадено е мислење дека оваа дејност може да помине **со Елаборат за животна средина**, кој до пред неколку дена го немаше видено никој.

- Надвор од законот, е организиран само СОБИР за презентација на проектот од страна на градоначалникот. На овој собир, државниот секретар во МЖСПП Каја .......... и комуналниот инспектор на општина Гевгелија, Димитар Кречев, се однесуваа како адвокати на фирмата која сака да преработува отпад во градот Гевгелија. На овој собир не е даден одговор или се дадени произволни одоговори на прашањата: дали општината издала потврда дека локацијата е вон населено место, колку отпад ќе се преарботува во овој погон, дали ќе се увезува отпад за потребите на овој погон и сл..

- На 15.09.2020 година, во ист ден на барање на ГО ВАСТЕ СЛОУШАН Дооел им е идадено УВЕРЕНИЕ за катастерска парцела 2232/1 КО Гевгелија. (СОЛУТИОН??)

- Од страна на Здружението на граѓани СПАС ЗА НАС на 10.10.2020 година е доставен допис до градоначалникот Поцков со барање за информација околу наводни информации за подготвителни работи за отварање на погон за преработка на отпад во рамките на фабриката „Ќерамика". До денес не е добиен одговор на тоа писмено барање.

- МЖСПП на 25.11.2020 година на комапнијата ГО ВАСТЕ СОЛУТИОН Дооел им изава ДОЗВОЛА за обавување на дејност СКЛАДИРАЊЕ И ТРЕТМАН НА ОТПАД.

- МЖСПП на 25.12.2020 година на истата компанија им издава решение за ПРОШИРУВАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА за дејност складирање и третман на отпад.

- До првите објави во јавноста во месец февруар 2021 година за оваа прашање владее комплетен молк.

2. СЕ РАБОТИ ЗА ИСТА ГРУПАЦИЈА КОЈА ИМАШЕ НАМЕРА ДА ОТВОРИ ПОГОН ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА РДФ

Се работи за класичен пример за користење и злоупотреба на законската регулатива со активно учество и помагање од државните институции за добивање на ДОЗВОЛА ЗА ПРЕРАБОТКА НА ОТПАД, за што Советот на општина Гевгелија има веќе донесено негативно мислење.

Прилог: Договор за закуп на деловниот простор помеѓу ПП Индустриес и ГО ВАСТЕ СОЛУТИОН без надомест. Управителот на ГО ВАСТЕ СОЛУТИОН ДООЕЛ, Борнобаева, на сите јавни презентации за компанијата ПП Индустриес во Гевгелија и Неготино е представена и потпишана како представник на ПП Индустриес.

3. **ОВАА КОМПАНИЈА НЕМА ДОБИЕНО ПОТВРДА дека локацијата се наоѓа вон населено место.**

4. КЛАСАТА Г4 дозволува само складирање на неопасен ОТПАД, а не и негов третман.

5. КЛАСАТА Г2 – лесна индустрија не се однесува на ДЕЈНОСТ СКЛАДИРАЊЕ И ТРЕТМАН НА ОТПАД

Согласно ПРВИЛНИКОТ за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање чл.28 во „ лесна индустрија влегуваат сите видови производство кои не побаруваат големи енергетски барања, голем промет на суровини и материјали, создавање голем обем на сообраќај и создаваат отпад и штетни елементи".

Во овој случај согласно Елаборатот за животна средина на ГО ВАСТЕ СОЛУТИОН кој е основ за издавање на Дозволата за складирање и третман на отпад стои:

- Максимален капацитет на преработениот отпад е 40.000 тони на годишно ниво. Оваа представува огромен промет, а не само „голем„.
- За да се довезе овој отпад и да се одвезе третираниот отпад ( во овој случај пластика) потребни се минимум 15.000 камиони – шлепери на годишно ниво. Оваа представува енормен обем на сообраќај со сериозно загрозување на животната средина, безбедноста и животите на граѓаните
- Согласно елаборатот од преработените 40.000 тони отпад некаде околу 5-10 % ќе биде отпад кој неможе да се преработи. Тоа представува отпад од најмлаку 2000 до 4000 тони на годишно ниво што представува огромно создавање на отпад

Согласно погоре изнесенето оваа дејност не исполнува ниту еден услов да биде третирана во класта Г2 лесна индустрија и не множе да се реализира на оваа катастерска парцела.

6. **Во основниот и единствениот документ кој го регулира управувањето со отпадот, а тоа е ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД на општина Гевгелија, кој согласно законот го предлага и за неговото спроведување одговара градоначалникот,** Законот за управување со отпад (Сл.в. бр.68/2004) член 18 точка 4, **никаде не е предвидено дека на оваа локација може да се обавува дејност складирање и третман на отпад.**

7. Во ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД на општина Гвеглија исто така не е предвидено дека во општина Гевгелија може да се дозвезува, складира и третира отпад од други општини на Македонија или од увоз. Затоа инспекциските служби на општината треба веднаш да утврдат од каде потекнуват отпадот кој во моментот се преработува во погонот на ГО ВАСТЕ СОЛУТИОН .

8. Петицијата на граѓанските здрженија и компаниите (сите без исклучок од Гевгелија) јасно го одразуваат незадоволството од ваквата постапка на надлежните органи и непочитување на законската регулатива, а уште повеќе загриженоста за сопственото здравје, работа и и егзистенција на над 1200 вработени и над 2000 граѓани кои живеат на дистанца до 350 метри од овој погон.

ЗАКЛУЧОК

1. Градоначалникот на општина Гевгелија согласно своите овластувања, а осебно Законот за управување со отпад чл.18 точка 4, да покрене постапка до министерот за МЖСПП за поништување на ДОЗВОЛАТА ЗА СКЛАДИРАЊЕ И ТРЕТМАН НА ОТПАД на фирмата ГО ВЕЈСТ

СОЛУТИОН ДООЕЛ Скопје, арх. бр. УП1-31-1290 од 24.11.2020 година и поништување на РЕШЕНИЕТО за проширување на дозволата за дејност арх.бр УП1-31-1290 од 25.12.2020 година.

Барањето за поништување е од причина што овие документи се издадени спротивно на Законот за управување со отпад чл.32 точка (2) алинеа 2, Правилникот за минималните технички услови за вршење дејноста скалдирање, третман и/или преработка на отпад член 4 точка (1) алинеа 4 .

Горе наведената компанија од општина Гевгелија не побарала, а општина Гевгелија не издала **ПОТВРДА** дека објектот на локацијата на КП 2232/1 е **ВОН НАСЕЛЕНО** и дека на истата локација е предвидено складирање, третман и/или преработка на отпад. Согласно горе наведента законска регулатива на компанијата ГО ВАСТЕ СОЛУТИОН дооел за локацијата на КП 2232/1 ул. Индустриска бр.4, општина Гевгелија, МЖСПП не смеело да и издаде ДОЗВОЛА и РЕШЕНИЕ за проширување заведени под УП1-31-1290 од 24.11.2020 и 25.12.2020 година.

Согласно ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД 2017-2021 година во општина Гевгелија не е предвидено складирање, третман и/или преработка на отпад на ниту една друга локација, освен на локацијата на **времената градска депонија** и тоа исклучиво на отпад кој потекнува од општина Гевгелија.

2. Заради спречување на поголеми штети врз човековата околина, здравјето и животот на граѓаните согласно Законот за управување со отпад член 42, да се донесе времена мерка за стопирање на дејноста складирање и третман на отпад во погонот на ГО ВАСТЕ СОЛУТИОН доеел, на Индустриска бр.4 општина Гевгелија се до донесување на Решение за поништивање на ДОЗВОЛАТА за дејноста УП1-31-1290.

Поради основано сомневање дека во погонот на компанијата ГО ВАСТЕ СОЛУТИОН доеел се складира и третира отпад кој не потекнува од општина Гевгелија, а согласно ПЛАНОТ ЗАУПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД на општина Гевгелија не е предвидено довоз, складирање и третирање на отпад од други општини или од увоз да се спрведе постапка за стопирање на оваа активност.